РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1509/2
03-09-2021

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 51-та седница, одржано на ден 01 септември 2021 година, донесе

## Одлука

Постапката по предметот 09 –1509/1 од 09.04.2021 година СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино постапување, бидејќи не постои повреда на одредбите од истиот закон.

Предметот со број 09 –1509/1 од 09.04.2021 година, да се затвори и да се архивира.

### Образложение

Предметот со број 09 –1509/1 од 09.04.2021 година е оформен врз основа на анонимна пријава со наводи дека во Стационар за кучиња -------, постапките за јавни набавки ги водат брат и сестра, ----------------.

На седницата, по разгледување на сите предметни наводи, Државната комисија поаѓајќи од своите надлежности утврдени дека не може да се покрене постапка за утврдување на состојба на судир на интереси согласно член 76 став 1 од ЗСКСИ, бидејќи согласно истиот закон не постои забрана брат и сестра да спроведуваат постапки за јавни набавки.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: Н.Б Член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk